# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 6** **Петок, 5 Јули 2019** **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Програма за дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2019 година…………………………………………………………………………..*
2. *Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино, Општина Кавадарци, Општина Росоман и Општина Демир Капија………………………………………………………………………………………………………*
3. *Одлука измена и дополнување на Одлуката за одредување земјиште за привремено кампирање………………………………………………………………………………………………...*
4. *Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2019 година…………………………………………………………..*
5. *Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија……………………….*
6. *Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија………………………………………………………………………………………………………*
7. *Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија……………………………………………………………………………..*
8. *Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2019 година…………………………*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2019 година**

Се објавува Програма за дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2019 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/1
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 28.06.2019 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
За дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2019 година

Член 1

Со оваа програма се врши дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Демир Капија за 2019 година, (Сл.гласник на општина Демир Капија бр.20/2018).

Член 2

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2019 год.

Во глава **IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** се додава нова точка 13 која гласи:

13. Изработка на УПВНМ за изградба на Г2 – лесна индустрија и Е2 – комунална супраструктура (фотоволтна централа), кп.бр.42 и кп бр.43, м.в. "Вировите", КО Корешница, општина Демир Капија

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Капија.

Број 08 – 579/3
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино, Општина Кавадарци, Општина Росоман и Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино, Општина Кавадарци, Општина Росоман и Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/2
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка(“Службен весник на РМ” бр.79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 28.06.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино, ОпШтина Кавадарци, Општина Росоман и Општина Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино, ОпШтина Кавадарци, Општина Росоман и Општина Демир Капија, поднесен од Градоначалникот на Општина Демир Капија бр.09-578/1 од 24.06.2019 година, за реализација на проект од регионален карактер – изградба на акумулација ”Бучевник”на река Дошница.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука и проценета за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до советите на Општина Неготино, Општина Кавадарци и Општина Росоман, заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Капија”.

Број 08 – 579/4
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука измена и дополнување на одлуката за одредување земјиште за привремено кампирање**

Се објавува Одлука измена и дополнување на одлуката за одредување земјиште за привремено кампирање, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/3
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член член 9 од Закон за автокампови („Сл.Весник на РМ“ бр.13/2013,152/2015,31/2016) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), Советот на општина Демир Капија на 22- та седница одржана на ден 28.06.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО КАМПИРАЊЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за одредување земјиште за привремено кампирање бр.08-375/8 од 23.04.2019 година (“Службен гласник на Општина Демир Капија бр.3/2019), членот 2 се менува и гласи:

“Член 2

Земјиштето од Член 1 на оваа Одлука ќе се користи за привремено кампирање за период од една година сметано од 01.05.2019 година.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 579/5
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2019 година**

Се објавува Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2019 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/4
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15,27/16,163/17,21/18,198/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.104/19), Советот на општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 28.06.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ- Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ- Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за периодот од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 579/6
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/5
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/2002) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15,150/15, 192/15,27/16,163/17,21/18,198/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.104/19), Советот на Општина Демир Капија на 22-та седница одржана на 28.06.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

1. Се дава СОГЛАСНОСТ на Правилник за внатрешна организација на работни места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија бр.01-61/1 и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска

установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија бр.01-61/2, донесени од Управниот одбор на установата од 13.06.2019 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 579/7
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/6
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/2002) и член 17 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ.“бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15, 61/15,39/16,64/18 и 35/19), Советот на општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 28.06.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**1.** Од член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија по сопствено барање се разрешува:

- **Александар Арсов**

**2.** За член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија, со мандат до крајот на мандатот на Управниот одбор, се именува:

- **Ристе Казиев**

**3**. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 579/8
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/7
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/2002), член 35 став 2 и член 38 од Законот за културата (“Службен весник на РМ.“бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) Советот на општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 28.06.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ Дом на култура “Мирка Гинова“ Демир Капија**

**1.** Од член на Управен одбор на Општинската-градска установа Дом на култура “Мирка Гинова“ Демир Капија, како претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата, по сопствено барање, пред истек на мандат се разрешува:

**❋ Томе Атанасов**

**2.** За член на Управен одбор на Општинската-градска установа Дом на култура “Мирка Гинова“ Демир Капија, како претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата, со мандат до крајот на мандатот на Управниот одбор, се именува:

**❋ Крсте Мелов**

**3**. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 579/9
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2019 година**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2019 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.06.2019 година.

Број 09 – 607/8
05.07.2019 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-589/1 од Организациониот одбор и Месна заедница с.Бистренци, Советот на Општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 28.06.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2019 година**

**1.** За организирање на културно спортската манифестација од отворен тип, Традиционалниот ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2019 година, во организација на Месна заедница с.Бистренци и Организациониот одбор на Турнирот, се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000,00 денари, како финансиско учество за покривање на трошоците за организацијата на турнирот.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2019 година, Програма ДО подставка 464 990 – други трансфери, на сметка на претседателот на Месната заедница Бистренци.

**3.** Месна заедница с.Бистренци да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во „Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 579/10
28.06.2019 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---